**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 25.09.2020 година

**СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и третата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 25.09.2020 година**

Седницата започна во **13:05 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

Пред расправа и одлучување по Нацрт-Записникот од претходната седница на советот, Претседателот на советот го информираше советот за проблемите со кои се соочуваат земјоделците по однос на неисплатените штети за земјоделски култури од елементарната неогода во 2018 година, односно неможноста за постапување по барањата од страна на ресорното министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно потребата од соодветни измени во законот за да можат да постапат по барањата за исплата на штети.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и втората** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија, бр.09-3041/2 од 25.09.2020 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**23.** Предлог - Одлука за прием во сопственост на отстапен предмет, одземен со правосилна пресуда.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"23"** беше ставен на гласање и усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "23" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точките **20**.Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година и **21**. Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година, **да се разгледуваат како точки "1" и "2"** од предложениот дневен ред.

Во расправата по однос на предложените измени на предложениот дневен ред учествуваше и Градоначалникот на Општина Гази Баба кој го објасни значењето на овие две точки и потребата истите по претходна координација на советничките групи со Градоначачлникот на Општина Гази Баба, да бидат донесени од страна на советот.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "20" да се разгледува како точка "1" беше ставен на гласање и усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "21" да се разгледува како точка "2" беше ставен на гласање и усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "20" и "21" ќе се разгледуваат како точки "1" и "2" а точките редоследно од "1" - "19" ќе се разгледуваат како точки редоследно од "3" - "21".

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година;
2. Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
3. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2020/2021 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година;
6. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година;

7. Предлог - Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година;
8. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2021 година;
9. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година;
10. Предлог - Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година;
11. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2021 година;
12. Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај"' - Општина Гази Баба - Скопје;
13. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2021 година;
14. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
15. Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година;
16. Предлог - План на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки;
17. Предлог - План на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE;
18. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци";
19. Предлог - Одлука за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба;
20. Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба;
21. Предлог - Одлука за примање донација од Град Скопје;
22. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје; и
23. Предлог - Одлука за прием во сопственост на отстапен предмет, одземен со правосилна пресуда.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.09.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и членот на советот Андреа Најденовски (коалиција ''За подобра Македонија'').

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година, со **11 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Програмата за изменување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **11 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2020/2021 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.09.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Програма за работа на ООУ "Стив Наумов" - Скопје, за учебната 2020/2021 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.09.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.09.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2021 година, со **11 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија") и в.д директор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје - Лидија Спасеска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и

Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) .

Членот на советот Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") во својата дискусија најави доставување на забелешки по електронски пат до Градоначалникот на Општина Гази Баба на Предлог-Годишните планови за вработување за 2021 година, предмет на расправа и одлучување пред советот, во согласност со закон.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје за 2021 година, со **11 гласа "ЗА", 12 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2019/2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2020/2021 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје за 2021 година, со **12 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај"' - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за поголем опфат на деца во воспитните групи, во објектите на ЈУДГ "25 Мај"' - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за давање согласност на Предлог-Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2021 година, со **12 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, со **12 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2020 година, со **12 гласа "ЗА" и 12 гласа "ПРОТИВ"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - План на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки.**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.09.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - План на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Ристо Донев**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.09.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Ристо Донев (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Правилник за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата (со исправката на техничката грешка) ја стави на гласање.

Советот го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање донација од Град Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање донација од Град Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, со **13 гласа "ЗА" и 11 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием во сопственост на отстапен предмет, одземен со правосилна пресуда.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием во сопственост на отстапен предмет, одземен со правосилна пресуда, со **23 гласа "ЗА"**.

Пред заклучување на седницата на советот, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба му даде збор на **Аднан Ајрула** - админстративен службеник во Општина Гази Баба во својство на барател на надомест на штета на земјоделски култури од елементарната непогода од 2018 година, кој упати апел и замолница до советот, истиот со допис да се обрати до Владата поради несплатени штети на земјоделски култури.

Претседателот на Советот истакна дека во овој случај е потребно надоместот да биде најмалку 80% од причинетата штета, од причина што земјоделците се презадолжени.

Градоначалникот на Општина Гази Баба најави личен ангажман со одборот на земјоделци во насока на разрешување на овој проблем.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и третата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:35 часот**.

**Број 09-3299/2**
**од 05.10.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот